УДК 904—03(497=81)

Никос ЧАУСИДИС

# ПАГАНО-СЛОВЕНСКИ КУЛТНИ ПРЕДМЕТИ ОД ТЕСАЛИЈА (I)

Присуството на Словените во Јужните предели на Балканот, односно денешна Македонија, Грција и Албанија, се датира во VI и особено во VII и VIII век. За ова детално известуваат бројни историски извори. Но, со ваквото изобилство на факти не може да се пофалиме и на планот на археолошките наоди, кои, судејќи според споменатите извори, би требало да ги очекуваме во значително поголем број, особено кога се знае дека овие подрачја не биле само попатни станици на словенските походи и миграциони бранови, туку и места на кои тие трајно ќе се населат.

Причините за ваквата состојба се бројни, почнувајќи од недоволната истраженост на овие подрачја, незаинтересираноста за публикување на овој материјал и особено, неможноста на денешната наука секогаш да го открие словенскиот елемент во конгломератот на бројните наоди кои припаѓаат на епохата на големите преселби на народите.

Бидејќи првите две од наведените причини во денешни услови се ненадминливи, тие, во основа го диктираат и правецот на нашите истражувања, кои се состојат во следното:

— во повторната заедничка обработка на веќе познатите и поединечно објавени наоди, групирани на одредено географско подрачје,

— во нивното ново толкување и поврзување со историските извори и со продуктите на другите гранки на културата (на пример, од областа на етнографијата, лингвистиката . . .), кои исто така се однесуваат на тоа подрачје.

Овде особено го истакнуваме приодот кон материјалните наоди од аспект на духовната култура на оние на кои тие им припаѓале, односно во овој случај, од аспект на паганската религија и митологија на Словените. Митско-религискиот аспект на истражување на материјалните наоди, во овој случај посебно го истакнуваме поради следното: во недостаток на траги на јазикот на новонаселените Словени, т.е. нивни записи и натписи, митологијата и религијата, вградена во нивната материјална култура во облик на слика, се јавува како единствен, за археологијата видлив елемент,

што носи во себе факти кои даваат можност и за одредени етно-културни определувања.

Во овој случај цел на нашето истражување е Тесалија, чие подрачје се покажа како особено богато со факти од сите споменати видови (Т. I).

## — ИСТОРИСКИ ИЗВОРИ

За присуството на Словените и конкретно племето Велегизити т.е. Велзити, на подрачјето на Тесалија, посредно или непосредно говорат повеќе историски извори. Да ги наведеме оние кои непосредно се однесуваат на ова подрачје.

1. Се претпоставува дека едниот од првите продори на Словените (наведени како „готски коњаници") се случил 517 г., а ги опфатил и „двете Македонии, Тесалија, Термопилите и Стариот Епир".[1]

2. Во „Miracula s. Demetrii II", за периодот 614—616 година се вели дека Словените вклучувајќи го тука и племето Велегизити, ја опљачкале: цела Тесалија, Кикладските острови, Ахаја, Епир итн.[2] Во истиот извор се говори дека при опсадата на Солун единствено Велегизитите „. . . тогаш, навидум биле во мирни односи со населението на градот".[3]

3. Во 30-те години на VII век, Велегизитите, заедно со другите племиња од овој дел на Балканот, влегле во сојузот што го предводел Хацон.[4]

4. Исидор Севилиски, во својата хроника вели дека, за време на владеењето на Ираклие, Словените ја презеле Грција од Римјаните. Наведувајќи ги областите што тие ги зазеле, покрај Далмација, Епир, Елада, Македонија, Ахаја, Крит и Кикладите, тој ја посочува и Тесалија.[5]

5. Склавинијата која се простирала околу денешниот Волоски Залив во Тесалија им припаѓала на Велегизите. Теофан ја нарекува Велзитија (Βελξιτια) [6]

6. За време на Ирина (797—802) регентка на Константин VI, се преземени воени мерки за да се покорат и присилат на послушност словенските племиња во Тесалија (и Елада).[7]

7. Во 799 година кај Теофан се споменува и Акамир, „архонт на склавинијата Велзитија", како предводник на една завера против Ирина.[8]

---

[1] Латин. изв. за българската история, I, 316. (според: Б. Панов 1978, 120).

[2] Виз. извори . . . I, 188—190.

[3] Визант. изв . . . I, 204; Гръцки изв. III, 150 (според: Б. Панов, 1978, 134).

[4] Гърцки извори за българската история, III, 133. (според: Б. Панов, 1978, 123).

[5] С. Антолјак, 1985, 131—132.

[6] С. Антолјак, 1985, 133; Виз. извори. I, 187, 188, 189, 205, 235.

[7] С. Антолјак, 1985, 143, (постојат разни толкувања на овој извор).

[8] Виз. извори . . . I, 235; за овој и други извори: С. Антолјак, 1985, 143.

## — АРХЕОЛОШКИ НАОДИ

### а) Металните плочки од село Velestino[8a]

Оваа група наоди ја сочинуваат 21 предмет, изработени од бронза и некаква друга легура (според Werner „Weißmetall"). Оформени се во вид на мали плочки, со должина од 4 до 14 см., кои прикажуваат зооморфни, антропоморфни фигури и претстави на фантастични суштества (Т. II, Т. III и натаму). Овие наоди („според веродостојни податоци", пронајдени во северна Грција — Тесалија), за прв пат ги објавил Ch. Vignier, 1925 година.[9] Во време на публикувањето на овие наоди 1953 г., престојувалиштето („Der Verbleib") на овие предмети, пред тие да доспеат во продавниците за уметнички предмети, на J. Werner не му било познато.[10] Седум години подоцна, во една друга прилика, тој повторно, овој пат попатно, ги споменува овие наоди, при што дава подетални податоци за тоа каде се предметите пронајдени и каде денес се чуваат. Така, дознаваме дека наоѓалиштето е село Velestino, во Тесалија (види: Т. I), од каде еден дел, преку атинските продавници за антиквитети, доспеал во нивното денешно престојувалиште — Музејот во Принстон, САД.[11]

Предметите се извајани само од предната страна, изведена во плиток релјеф, додека задната е неукрасена и измазнета, што укажува на тоа дека се лиени во еднострани калапи.[12] Сосема можеме да се сложиме со констатацијата на J. Werner, дека и покрај разновидните ликовни мотиви, овие предмети ги обединува единственоста на ликовниот израз, декоративните мотиви и технологијата на изработка, што оди во прилог на тоа, дека потекнуваат од едно исто наоѓалиште и, би додале, од еден единствен занаетчиски центар, па дури и работилница.[13]

### *Иконографија и симболика*

Во наредните редови ќе се потрудиме накусо да ја прикажеме иконографијата и симболиката на некои од плочките и со тоа, да се обидеме да откриеме, кој или што, всушност, на нив било прикажано.[14]

---

[8a] Иако овие предмети се веќе публикувани (J. Werner 1953), сметаме дека, со оглед на не баш лесната достапност на насловот во нашата средина и поради непосредниот увид на читателот во наодите, е пожелно да приложиме кратка дескрипција на дел од наодите, проследена со нивни цртежи (изработени според фотографиите објавени кај истиот автор).

[9] Според J. Werner, 1953, 3. Делото на Ch. Vignier (L'aventurieux art scythe, Arethuse 2, Paris, 1925, 60ff Taf. 12—14) не ни беше достапно.

[10] J. Werner, 1953, 3.

[11] J. Werner, 1960, 118, Ф. н. 22.

[12] J. Werner, 1953, 3.

[13] J. Werner, 1953, 4.

[14] Овде, пред сè ќе ги презентираме резултатите на нашите претходни подетални истражувања (види: Н. Чаусидис, 1991).

*— Маж во облека украсена со розети (Т. IV — 1)*

Плочката е обликувана во вид на машка фигура со убаво оформена глава, прикажана со брада, мустаќи и бујна коса. Торзото е облечено во раскошна облека, обрабена со зрнеста бордура. Долната половина од торзото е дополнето со четири диска (т.е. розети), обрабени со истата бордура, додека на средината се наоѓа правилен круг окружен со прстен, а под него, неидентификуван мотив со листеста форма. Под долниот раб на облеката се прикажани подколениците на фигурата.

Нашите досегашни истражувања на оваа претстава покажуваат дека може да станува збор за митска слика на антропоморфизираното небо, т.е. божеството — покровител на небото и циклусите што на него се одвиваат.[15] Торзото на божеството е поистоветено со небото, а неговата раскошна облека, со дневната светлина што го исполнува. Оттука, споменатите розети претставени на работ од облеката, би ги означувале одделните фази од движењето на сонцето по небото. Примери на оваа митска слика, по своите детали извонредно блиска на плочката од Velestino, наоѓаме на словенските фибули од типот „Werner — Rybakov", пронајдени на Балканот и датирани, како и нашите плочки, во VI—VII век (Т. I — 4, 7). И покрај тоа што на овие фибули фигурата ја изгубила својата целовитост, четирите диска, брадестата глава и мотивите од средишниот дел на корпусот, јасно упатуваат на некогашната заедничка иконографска предлошка на овие предмети и нашата Велестинска плочка.

Човечката фигура, окружена со кругови и розети ја наоѓаме и на стеќците — средновековните и нововековни камени надгробни споменици од централниот дел на Југославија (Т. IV — 2, 5, 8, 9). На Балканот е присутна и на средновековниот накит и графитите (10, 11), а пак на источно-словенските подрачја е застапена и на народните везови од минатиот и овој век (3, 6, 12, 13).

Сметаме дека оваа Велестинска плочка можела да го прикажува врховното словенско божество, покровител на небото, дневната светлина, и животните сили поврзани со нив. Можеби тоа бил Вид, Род или Сварог.

*— Маж со секира и штит во рацете (Т. V — 3)*

Плочката е обликувана во вид на фигура на маж, до појасот прикажан во амфас, а од појасот надолу, во профил. Главата е со бујна брада и коса. Од вратот надолу, кон гениталиите се спушта некаква лента, веројатно елемент од облеката, украсен со мрежа од вкрстени линии. Левата подлактица е подигната и држи секира, насадена на долга рачка. Во десната рака се наоѓа кружен диск (штит?) со зракаста бордура. Во пределот на препоните е прикажан

[15] Подетално за оваа митска слика: Н. Чаусидис, 1991.

издолжен сегмент кој би можел да го означува фалусот на фигурата. Левата нога е прикажана подолга од десната, со што се добива впечаток на трета димензија.

Симболичката анализа, историските извори и компаративниот материјал, даваат аргументи според кои можеме да претпоставиме дека оваа плочка го прикажува словенскиот громовник. Секирата во неговите раце би го симболизирала громот со кој ова божество удира од небото. Како што се гледа од компаративниот материјал, на сличен начин се прикажувани и останатите индоевропски громовници, почнувајќи од келтскиот Таранис, литванскиот Перкунис, па сè до римскиот Јупитер (Т. V — 2, 1, 6). На Балканот наоѓаме и други средновековни претстави со аналогна иконографија, како што е гравурата врз еден прстен од Трњане во Србија и еден графит од Преслав (9, 12). Од другите словенски подрачја, вниманието го заслужува претставата на приврзокот од Mikulčice во Моравија (5). Основната иконографска структура на оваа митска слика ја наследува дури и христијанската светителка Св. Марина, прикажана како со чекан го убива демонот (8).

Според сево ова, може да се постави теза дека на оваа плочка можел да биде прикажан словенскиот громовник, познат како Перун, Перен или Пирин.[16]

### — *Претстава на коњаник со меч и штит (Т. VI — 4)*

Предметот прикажува маж кој јава на коњ. Претставен е во профил, со меч во едната и штит во другата рака. Божеството — коњаник (или божество чиј атрибут е коњот), е добро познат во словенската паганска религија и митологија. Покрај историските извори, неговото постоење го потврдуваат и неколку археолошки наоди. Таков е камениот култен споменик од Лешно во Полска (Т. VI — 1), каде покрај другите божества е прикажано и божество кое јава на коњ. (Заслужува внимание и сличноста во начинот на претставување на коњот од нашата плочка со оној од овој споменик). И на идолот од Збруч во Украина, под едното од божествата (прикажано со меч на појасот) е претставен коњ (12). Аналоген е случајот и со идолот од Ставчаны, исто така во Украина (11). Слични метални објекти (во функција на приврзоци) се пронајдени во Источна Европа (5, 8), додека од балканските аналогии, заслужува да се споменат некои релјефи од стеќците (7).

Нашите истражувања на оваа митска слика покажуваат, дека таа, обично го претставува машкото соларно божество, кое го симболизира самото сонце, додека коњот, силата која го остварува неговото движење. Од античките божества, нему најмногу му соодветствуваат претставите на т.н. Тракијски коњаник т.е. Тракијскиот

[16] Подетално за изгледот на ова божество и неговите траги кај Јужните Словени: Н. Чаусидис, 1991.

Херос (13—15). Сметаме дека оваа митска слика можела да го претставува словенскиот соларен бог, можеби и конкретно Дажбог, Сварожич или Хорс.[17]

### — *Крилеста женска фигура со ореол околу главата (Т. Т. VII — 3)*

Плочката прикажува женска крилеста фигура со раце подигнати во поза на оранта. Облечена е во ѕвонолико здолниште, украсено со орнаменти. Главата е окружена со зракаст ореол. Лицето е прикажано со ококорени очи и отворена уста. Под главата се пластично прикажани градите.

Присуството на крилата, зракастиот ореол околу главата, а донекаде и рацете, подигнати нагоре, упатуваат на небесно-соларниот карактер на оваа фигура. Ореолот упатува на сончевите зраци, со што главата на овој митски лик ја поистоветува со сончевиот диск. Крилата, најверојатно, ја симболизирале силата што ова божество поистоветено со сонцето, го движи по небото.

Фигурите со соларен ореол околу главата се карактеристични за повеќе соодветни митски слики, познати како на Балканот, така и во останатите словенски подрачја. Такви се: апликациите од Мартиновка во Украина, веќе спомнуваната претстава од Mikulčice во Моравија (Т. VII — 1, 2), додека од балканските, неколку средновековни графити од Бугарија (4, 5, 8) како и неколку релјефи од средновековните и нововековни надгробни споменици од средишниот дел на Југославија (6, 9, 10). Женскиот пол на митските ликови, прикажани со овие карактеристики, е особено впечатлив на народните везови од подрачјето на Русија (7, 11—14).

Немаме поконкретни согледувања за тоа, кое од познатите словенски божества, овој лик можел да го претставува. Можеби се работи за Лада, во чиј домен, покрај другото, се наоѓале и небесните циклуси.[18]

### — *Жена прикажана со дете во скутот (Т. VIII — 1)*

Фигурата прикажува жена, без облека, со раширени и во колената свиткани нозе, меѓу кои, се чини, е назначена и вулвата. На нејзиниот скут е претставено дете, кое со раката посегнува кон мајчината дојка. Со десната рака, мајката го придржува детето, а во левата држи жичен музички инструмент. Се чини дека главата ѝ е обвиткана со некаков вел, а на вратот стои гердан од монистра.

Претставата на жена со дете во скутот е универзална за многу светски култури, хетерогени во географска и хронолошка смисла. На Балканот ја наоѓаме од неолитот, преку доцните предисториски епохи, сè до античкото доба (Т. VIII — 4, 2, 5). Претставата на

[17] Подетално за оваа митска слика и за соларното божество кај Јужните Словени: Н. Чаусидис, 1991.

[18] За оваа митска слика подетално: Н. Чаусидис, 1991.

отворената вулва е важен и специфичен симболички елемент, кој, покрај прикажаното доенче, има за цел да асоцира на доменот на раѓањето — основната функција на прикажаното божество. Присуството на овој елемент на нашата плочка ѝ дава архаичка нота и ја дистанцира од многу подискретните антички примери.

Оваа плочка би требало да ја претставува словенската божица — покровителка на раѓањето, било сфатено на ниво на семејството или макрокосмосот. Можеби ја претставувала словенската Мокош, чие присуство на Балканот го потврдуваат и топонимите како и трагите во фолклорот.[19]

*— Останатите антропоморфни плочки*

Во контекст на претходната претстава, треба да се толкуваат уште две плочки од велестинската група. Првата прикажува зооантропоморфно суштество во вид на жена, со долги коси и животинско тело (Т. II — 1). Во неа би можеле да ги пронајдеме бројните митски ликови од народната митологија на Словените, од типот на „шумски жени", „шумски самовили" или „диви жени", кои се познати по својата амбивалентна природа. Имено, тие се често замислувани како териоморфизирани суштества кои ги напаѓаат мајките или ги крадат малите деца, но од друга страна се јавуваат и како нивни заштитнички. Сето тоа, заедно со музичкиот инструмент што оваа фигура го држи во раката (аналоген со оној во рацете на претходната), ја поврзува оваа претстава и нејзиниот домен со митската родилка за која предмалку говоревме.

Втората плочка е оформена во вид на два симетрично поставени животински протоми од чиј состав се појавува човечка глава (Т. IX — 11). Врвот од корпусот од кој се делат двата протома е исто така оформен во вид на глава, овој пат се чини жабешка. Претпоставуваме дека оваа митска слика претставува остаток т.е. редуцирана варијанта на фигурата на божицата родилка, прикажана со раширени нозе кои завршуваат во вид на животински протоми, која инаку е доста распространета на словенскиот накит и народните везови.[20] Овде, фигурата на родилката е редуцирана на нејзините зооморфни нозе како и на жабешката глава, која упатува на една друга, исто така добро позната зооморфна епифанија на словенската митска родилка. Гледајќи на оваа претстава низ контекстот на нашите досегашни проучувања, може да се насети дека човечката глава, прикажана помеѓу протомите, всушност се раѓа од утробата на редуцирано прикажаната родилка. На мислење сме дека оваа слика го претставува раѓањето на она, што човечката глава можела да го симболизира, и тоа сонцето, односно новиот (дневен или годишен) соларен циклус, инкарниран во ликот на антропоморфно божество (Божик, Сварожич, Коледо . . .).[21]

---

[19] Подетално за оваа митска слика: Н. Чаусидис, 1991.

[20] За оваа митска слика ќе говориме и натаму во вториот дел на овој текст.

[21] Подетално за оваа митска слика: Н. Чаусидис, 1991.

Уште една плочка се одликува со зооморфно тело и антропоморфна глава. Тоа е плочката со тело во облик на животно (лав ?) и машка глава прикажана со мустаќи, брада и коса (Т. II — 5). Оваа претстава неретко се јавува на археолошките наоди од раниот среден век, како и на европската рељефна декорација на христијанските храмови. Поради опширноста на проблемот, на оваа митска слика ќе мораме, во друга прилика да ѝ посветиме одделно внимание.

Од велестинските плочки се издвојува уште една, украсена со антропоморфна претстава (Т. II — 3), во чие значење, поради отсуството на повпечатливи симболички елементи, досега не успеавме да навлеземе.

## *Зооморфни претстави*

Од 12-те зооморфни плочки, овој пат сме во можност да ја допреме иконографијата и симболиката на две, кои со неколку свои симболички елементи ни даваат можност да ги поврземе со одредени традиции од духовната култура на Словените.

Првата плочка прикажува фантастично животно, чиј преден дел е оформен во вид на некаков цицач (куче, мечка, лав), додека задниот дел е извиткан во вид на риба или змија и завршува со рибна опашна перка (Т. X — 1).

Изгледот на ова фантастично животно во своите основни карактеристики може да се поврзе со Симаргл, словенското митско суштество познато од средновековните извори. Денешните сознанија, базирани врз компаративните проучувања, покажуваат дека се работи за композитно суштество со преден дел во облик на куче, често со крила, а заден дел во облик на змиски или рибен опаш. По изгледот и домените, бил аналоген на иранскиот Семург. Покровител е на хтонските предели и особено животоносната сила која во нив пребива и која ги оживува и отхранува растенијата. Неговото тело, составено од елементи на животни од трите зони на вселената, упатува и на неговата медијаторска функција, односно патувањето и посредништвото помеѓу небото, земјата и подземјето. На првата од споменатите функции упатува и фактот, што неговото тело е често обраснато со билки.

Приложените аналогии укажуваат на блискоста на нашата претстава, од една страна, со примерите од Источна Европа (Т. X — 3, 4), и од друга, со прежитоците на овој лик во декоративната уметност на балканската црковна декоративна пластика (Т. X — 2, 5, 6).[22]

Втората плочка прикажува животно кое, гледано само низ овој предмет не може да се идентификува (Т. XI — 1). Но согледана заедно со приложените аналогии од подрачјето на Украина

---

[22] Подетално за оваа митска слика: Н. Чаусидис, 1991.

(Т. XI — 2 — 4), станува јасно дека се работи за претстава на коњ, која како последица на долгата линија на копирања и скромните можности на изработувачот, доживеала деформации. Тоа што се јавува како заедничка одлика на овој и украинските наоди, покрај основната композиција, е и гривата на коњот, особено нагласена преку големината и начинот на декорирањето. На некои од украинските примероци, гривата е позлатена, што со оглед на недостигот на материјални услови или технолошки можности, во нашиот случај е постигнато со помунициозна декорација.

Овој елемент нè наведува, овие претстави да ги поврземе со митските „златогриви коњи", познати од трацидиите на Словените и од митовите на другите индоевропски народи. Значењето на оваа зооморфна митска претстава обично се поврзува со сонцето, каде фигурата на коњот го симболизира динамичкиот аспект, односно движењето на сонцето и силата која го остварува, а златната грива, светлосниот аспект, т.е. сончевите зраци.[23]

Останатите зооморфни плочки од Velestino прикажуваат, во релативно реалистичен манир, разни животни, како: петел, некаква друга птица, две претстави на куче или волк, две претстави на говедо, некаков ѕвер од родот на мачките и елен (Т. II, Т. III). Поради отсуството на било какви симболички елементи, не сме во можност да навлеземе во некогашното значење на овие претстави. Таква можност донекаде нудат две претстави на животни (волк, куче, мечка или лав, а дури можеби и коњ?), кои во устата држат (можеби прождираат) друго животно и човек (Т, III — 3, 4). Но поради сложеноста на симболичките значења и потребата за опширно аргументирање, и овие претстави заслужуваат да се обработат одделно.

### *Намена на предметите*

И покрај сличноста на плочките од Велестино со слични предмети од истиот период (на пример, од Бискупија кај Книн, во Далмација . . .) J. Werner не е сосема убеден дека тие можеле да служат како матрици за изработка на сребрени или златни апликации за украсување на појасни гарнитури или седла (како оние од Мартиновка, Castel Torino или Малая Перещепина). Единствената причина која го води кон таков заклучок е несоодветноста на иконографските претстави. Според него, најмногу што може да се претпостави е, дека пресуваните ливчиња добиени од овие плочки, можеле да служат за обрабување на облеката. Но големината на плочките и нивната меѓусебна содржинска неповрзаност, го тера да се сомнева и во оваа хипотеза.[24] Далеку поверојатна му се чини врската на овие предмети со некои елементи од опремата на шаманите од кругот на фино-угриските племиња од подрачјето на Ока, Кама,

---

[23] Подетално за ова: Н. Чаусидис, 1991.
[24] J. Werner 1953, 6.

Урал и Западен Сибир. Станува збор за опремата што шаманите ја користеле при своите волшебства и баења, која само во некои случаи била прикачувана за облеката.[25] Овие релации го водат кон заклучокот дека ликовните мотиви на тесалиските наоди, би можеле да се протолкуваат како предмети кои шаманите ги користеле при своите волшебства. Но проблемот на постоењето на шаманизмот во културата на Словените (на Балканот и воопшто) во VII век, што се наметнува од поставената хипотеза, Werner успева само да го назначи, споменувајќи ги ставовите на L. Niderle и J. Аничков изречени по тоа прашање.[26] На крајот, оставајќи ги овие прашања отворени, тој заклучува дека прикажаните зооморфни, антропоморфни и „бајковни" суштества треба да се толкуваат како претстави на демоните на болестите кои постоеле во верувањата на Балканските Словени и кои можеле да потекнуваат од еден многу ран слој на словенското паганство. Тој претпоставува дека, според верувањето на една примитивна заедница, победата врз овие демони, волшебникот ја остварувал така што ги правел видливи и допирливи. Присуството пак, на духовите-заштитници, на облеката значело и присуство на позитивната магиска сила инкарнирана во споменатите ликовни претстави.[27]

Денес, 40 години по проучувањето на Werner, би можеле во основа да се согласиме со неговото определување на намената на овие предмети. Нашиот придонес пак, го гледаме во поконкретното дефинирање на нивната културно-магиска намена и во дополнувањето на аргументите кои одат во прилог на неа. Фактите кои за тоа ќе ни послужат, главно ги наоѓаме во современиот фолклор на Јужните Словени.

Сè до половината на овој век, на Балканот бил распространет култот на таканаречените вотиви. Станува збор за релјефни плочки исто така, најчесто обработени само од една страна (или поретко тродимензионални фигурки), изработени од метал (благородни метали, разни легури но и железо), восок или дрво (Т. XII).[28] Тие, во основа, се употребувале на два начини:

— најчесто се купувале од кујунџии (восочните кај свеќарите) и се носеле и оставале на светите места (цркви, светилишта) со цел, дарителот да се излечи од некаква болест, а пак невестите, да забременат.

— вотивите од благородни метали се позајмувале од црквата и се носеле определено време на телото или вшиени во облеката, исто така за излекување или забременување.

Ликовната претстава на секој вотив била длабоко поврзана со неговата конкретна намена. Во западниот дел на Југославија, како и пошироко во алпските подрачја, жените кои сакале да за-

---

[25] J. Werner, 1953, 6.

[26] J. Werner, 1953, 7.

[27] J. Werner, 1953, 7, 8.

[28] За овие култни предмети види: G. Makarovič, 1991; M. Kus — Nikolajev, 1928; V. Čulinović — Konstantinović, 1989; M. C. Филиповић, 1936.

бременат, се служеле со вотиви во облик на жаба (Т. XII — 7, 8).[29] Во православните подрачја на Балканот (особено Србија и Македонија), за истата намена се користеле вотиви во облик на детска фигура со крст во рацете (според толкувањата „дете на Богородица“, „Св. Иван Крстител“) или лулка за дете (Т. XII — 2, 3). Втората категорија ја сочинувале вотиви кои прикажувале одреден дел од човековото тело кој треба да биде излечен (дланка, нога, 'рбет, око, уво, папок . . . Т. XII — 1, 4, 5, 6). Во западниот дел на Балканот се чести вотиви во вид на човечки фигури во поза на молитва, и од друга страна, во вид на домашни животни (Т. XII — 9 — 12).

Според својата основна плочеста форма, често обработена само од предната страна, според димензиите, ликовниот израз, а донекаде и според евтините легури од кои биле изработувани, овие современи вотиви соодветствуваат со прикажаните ранословенски плочки од Velestino. Тоа што ги разликува од нив е нивната иконографија. Како што видовме, тесалиските плочки прикажуваат зооморфни, зоо-антропоморфни и антропоморфни фигури. Преку нашата анализа се обидуваме да покажеме дека последните две категории прикажувале ликови и божества од словенскиот пантеон и митологијата. Толкувајќи го овој репертоар во контекст на споменатите фолклорни традиции, може да се претпостави следното:

— Ако предметите од Velestino имале намена соодветна на споменатите вотиви, тогаш, под покровителството на секое од прикажаните митски ликови и божества веројатно се наоѓал конкретен домен на дејствување, поврзан со одредена биолошка или општествена функција. Оттаму, носењето на плочката на телото или нејзиното оставање на светите места, би требало да има за цел остварување или поддржување на функцијата која ја застапувал ликот прикажан на неа.

— Ако сепак (и покрај сомневањата на Werner), се работело за матрици за правење апликации од сребрени или златни ливчиња, основниот заклучок значително не се менува, бидејќи и овие производи, фиксирани за облеката или опремата, можеле да имаат аналогна, апотропејско-поддржувачка функција.[30]

Разбирливо е дека промената на иконографијата на современите вотиви е производ на долговековното влијание на христијанството врз овој, во основа сосема пагански обичај.

Да се обидеме сега да ја откриеме магиската функција на некои од Велестинските претстави.

Постои голема веројатност дека плочката со претставата на божицата-мајка, со доенчето, а можеби и онаа со стилизираната родилка со зооморфни нозе, биле поврзани со жената и раѓањето, а служеле за заштита и поддржување на овие функции. Можеби и

[29] На претставата на жабата како епифанија на божицата родилка и симбол на женските гениталии веќе укажавме: Н. Чаусидис, 1991.

[30] Не е исклучена и можноста дека станува збор на остава на занаетчијата — леач, во која се нашле предмети од кои, некои биле користени за првата, а други за втората намена.

конкретно, жените ги носеле на телото или ги оставале на култните места, за да забременат, да ја заштитат бременоста или новороденчето од болести и уроци. Секако, слична намена можела да има и плочката со претставата на крилестата божица со соларен ореол. Можеби аналогно на словенската „небесна Лада" — покровителката на љубовта и бракот, присуството на ова божество било со цел, да се воспоставaт или одржат брачните односи на носителката или дарителката на овој вотив.

Претставата на мажот со штит и секира (според нашето толкување громовникот), можел да служи како апотропеон за заштита од гром (на пример, на оние кои се особено изложени на него: пастирите, дрварите, земјоделците).[31] Претставата на коњаникот со штит и меч ја протолкувавме како слика на соларниот коњаник, кој меѓу другото, бил и покровител на војниците. Носењето на оваа претстава можело да значи заштита на носителот — војник, во бој, од ударите на оружјето.[32] Машката брадеста фигура со раскошна облека ја протолкувавме со врховното божество, покровител на небото и дневната светлина. Во негов домен можел да се наоѓа видот и машката плодност, па според тоа можел да служи како вотив за болести на очите, неплодноста или губење на потенцијата на мажите.

Една група претстави се одликуваат со застрашувачки фигури како волк, лав и др., потоа ѕверови кои проождираат, како и чудовишни антропоморфни фигури. Носењето на овие вотиви и нивното покажување можело да биде поврзано со обредите, а можеби и конкретно баењата, за уплав, страв, за кои говори и Werner.

Останува отворено прашањето со обичните претстави на домашни животни, како што се говедата и петелот, кои можеле да се користат во обредите поврзани со добитокот, за зголемување на приносот, негово лекување и магиска заштита од болести и уроци.[33]

## НАПОМЕНА:

Напоменуваме дека каталогот на приложените илустрации, поради својата обемност, ќе биде објавен во второто продолжение од овој труд.

### КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. С. Антолјак, Средновековна Македонија (Македонските Склавинии), Скопје, 1985, 127—151.
2. Н. Чаусидис, Паганската религија на Јужните Словени и нејзиниот одраз во нивната материјална култура (ракопис од магистерска работа одбранета на Филозофскиот факултет во Скопје, 1991 година).

---

[31] Амулети за чување од гром се познати во фолклорот, види: Н. Чаусидис, 1991.

[32] За таквите амулети во Русија: Н. Чаусидис, 1991.

[33] Во северо-западниот дел на Балканот се познати вотиви во облик на домашни животни (крава, крава со теле, коњ, свиња, волови, живина...) кои имале намена, пред сè да ги заштитат или излекуваат од болести. (G. Makarovič, 1991, 28—32).

3. V. Čulinović — Konstantinović, Aždajkinja iz Manite Drage — običaji, verovanja, magija, liječenja, Split, 1989.
4. M. C.. Филиповић, Метални вотиви код православних Срба, Гласник скопског научног друштва, 9—10, Скопље, 1936, 242—253.
5. M. Kus — Nikolajev, Votivi nerotkinja, Etnolog, II, Ljubljana, 1928, 36—45.
6. G. Makarovič, Votivi, Ljubljana, 1991.
7. Б. Панов, Охрид и охридската област во првите векови по словенската колонизација (VI—VIII век) Годишен зборник на филозофскиот факултет, 30, Скопје, 1978, 120—137.
8. Византиски извори за историју народа Југославије, Т. I.
9. J. Werner, Slawische Bronzefiguren aus Nordgrechenland, Abhandlungen der Deutschen Akademie der Wissenschaften zu Berlin, 1952/2, Berlin 1953, 3—8.
10. J. Werner, Neues zur Frage der slawischen Bugelfibeln aus sudosteuropaischen Landern, Germania, 38, Berlin, 1960, 114—120.

Никос ЧАУСИДИС

## СЛАВЯНСКИЕ ЯЗЫЧЕСКИЕ КУЛЪТНЫЕ ПРЕДМЕТЫ ИЗ ТЕСАЛИИ (I)

(р е з ю м е)

Присуство Славян в пределах Тесалии датируется в VI и ососбено в VII и VIII век, о чем подробно извещяют средневековые источники. В этой области обнаружены и материяльные находки которые это подтверждают. Основной предмет нашего исследования являются те предметы, которые имеют связь с языческой религии и митологии Славян, доселившихся в то време на Балкан.

В первой части реч идет о давно знакомых металических пластинках обнаруженых в окреснconstях села Велестино. Сперва, предмет нашего исследования иконография и символика етих рельефных изображений. По идентификацыи которую предлагаем, на этих пластинках изображены, с одной стороны антропоморфные и зооантропоморфные божества и мифологические персонажи и с другой, животные от которых некоторые также могли иметь религиозно-мифологический характер. В первой групе выделяются: — бог неба, по туловищем которого движется солнце; — громовержец с топором (символом грома) в руке; бог солнца изображен как всадник; — богиня — роженица с младенцем; — крылатая богиня с солярным ореолом околово голове; — существо с звериным телом и головой бородатого и усатого мужчины; — зверь с человеческим (женским ?) лицом и струнным музыкальным инструментом; Среди второй групе своим мифологическим характером выделаются; — звери (волк, собака, конь, прождирающий человека или другое животное; — стилизированая зооморфная роженица из тела которой выходит человеческая голова (возможно символ солнца); — сущес-

тво в виде сосуна с крылями и рыбным хвостом (возможно мифологически пес Симаргл). Остальные зооморфные персонажы не имеют особых символическо-мифологических характерных черт.

Затем следует анализ разных гипотез о предназначении Велестинских пластинок, от которых кажется убедительнейшей та которая ети предметы идентификует как „вотивы". Как показывают пережитки в Балканском фольклоре, такие предметы оставляли в святилищах или носили в одежде или на туловище, для защиты человека и скота от болезней и злой магии и ради поддержки их витльних и плодоносных сил.



KATERINI
Magula
Magules
Velesnikon
Kondromagula
Magula
TIRNAVOS
Gunica
LARISSA
TRIKALA
Bei Magula
Hadzimitiotiki
Magula
Vulias
Kardicomagula
KARDITSA
Mesik Magula
Velestino
VOLOS
Pasa
Magula
Papakosta
Magula
Magula
Nea AMhialos
Velesi
Velesjotes
LAMIA


1


2


3


4


5


6


7


8



1



2



3



5



4

T.IV


1


2


3


4


5


6


7


8


9


10


11


12


13

T. V



1



2



3



4



5



6



7



8



9



10



11



12

**T. VI**




1


2


3


4


5


6


7


8


9


10


11


12


13


14

T. VIII



1



2



3



4



5



6



7



8



9

T. IX



**T. X**

1





2

3





4



5



5


1


2


3


4


5


6


7


8


1


2


3


4


5


6


7


8


9


10


11


12